УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
АРХИТЕКОНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
08 Бр.6/321 од 30.12.2020 год.

Врз основа на член 110, член 173 и член 174 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр.82/2018), член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018) и Рефератот објавен во Билтенот на Универзитетот бр.1228 од 15.12.2020 година, Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет на 60. седница одржана на 30.12.2020 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за избор во соработничко звање асистент**

I Се избира м-р Михајло Стојановски за соработник во соработничко звање асистент на група предмети од областа на Развој на архитектурата и урбанизмот и архитектонското наследство - 20103 и Конзервација и ревитализација на културно-историски споменици - 20113 на Институтот за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

II Меѓусебните права и обврски и почетокот со работа помеѓу именуваниот соработник во соработничко звање асистент и факултетот ќе се уредат со договор за вработување.

III Составен дел на оваа одлука е Извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 1228 од 15.12.2020 година.

IV Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Д е к а н

Проф. д-р Огнен Марина

Доставено до:

- Архивата
- М-р Михајло Стојановски
- Човечки ресурси
- Благајната